u6671

вечер 31 MAJ 2000 11412

КАКО РЕЗУЛТАТ НА МАКЕДОНСКО-ФРАНЦУСКАТА КУЛТУРНА СОРАБОТКА

# ПАТУВАЧКАТА „УРБАНОСТ“ ТРГНУВА ОД СКОПЈЕ

● *ВО НАЈАВАТА ЗА ОВАА ГОЛЕМА ИЗЛОЖБА, КОЈА ЌЕ СЕ СЛУЧИ НА ОТВОРАЊЕТО НА СКОПСКО ЛЕТО, СТОИ И ДЕКА ЌЕ ДОНЕСЕ ДЕЛА ОД ЕНДИ ВОРХОЛ И БИЛ ОВЕНС*

Директорот на Регионалниот Фонд на современа уметност на Лангедок-Русијон од Франција Ами Барак, во организација на оваа реномирана француска институција и Музејот на современа уметност од Скопје, најавува импозантна изложба од обласна на современата уметност, под наслов „Урбаност“ на 21 јуни, на отварањето на Скопско лето.

– Пред три год. имав чест да се запознаам со Зоран Петровски, Директор на Музејот на современа уметност од Скопје и на взаемно задоволство оваа изложба ќе претставува наша премиерна соработка. Изложбата „Урбаност“ е всушност тематска изложба, која се обидува да постави дела, кои како основен предмет го имаат интересот за урбаната култура. Ќе има дела на 27 уметници, практично од сите делови на светот – Америка, Европа, Тајланд и др. Делата, вкупно 33, претставуваат извонредни творештва на современата уметност – слики, скулптури, видео, фотографии. Таков е случајот на пр. со делата на американскиот фотограф Бил Овенс и на Енди Ворхол. „Урбаност“ е патувачка изложба. Таа ќе биде изложена два месеци во Скопје, а потоа ќе гостува во Букурешт, Романија ни изјави Ами Барак, кој неодамна престојуваше во Скопје.